# 43. СЕСТРА КАНИ БРАТА НА ВЕЧЕРА




Поповски, Вејчеслав. 100 Бисери од македонски народни песни, I Дел. Берово: МАК-КОМ, 1996

# 43. СЕСТРА КАНИ БРАТА НА ВЕЧЕРА

1. Сестра кани брата на вечера,
ајде, ајде брате да вечераме,
ајде, ајде брате да вечераме.

2. Вечерајте сестро, не чекајте ме
јас сум било сестро в меана,
јас сум било сестро в меана.

3. Јало, пило, сестро сум се напило
голем зулум, сестро сум направило,
голем зулум, сестро сум направило.

4. Сум заклало еден син на мајка
сега они бараат крвнината,
сега они бараат крвнината.

5. Ајде, ајде брате да вечераме
за крвнина брате, колај бива,
за крвнина брате, колај бива.

6. Сестра има брате девет сина
едно сине мајка ќе прежали,
едно сине мајка ќе прежали.

7. Санок седи мајка солзи рони
кое сине мајка да прежали,
кое сине мајка да прежали.

8. Прежалила мајка, најмалото,
најмалото мајка најубавото,
најмалото мајка најубавото.

Поповски, Вејчеслав. 100 Бисери од македонски народни песни, I Дел. Берово: МАК-КОМ, 1996